**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

04.02.2020
10 470 1

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 29 јануари 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 февруари 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации - нови рекламни техники);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
6. **Претходно изречена мерка:**

*На 10.12.2019 година, за непочитување на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-515, од 10.12.2019 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението (13.12.2019 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 29 јануари 2020 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.**

Во репризното издание од 29 јануари 2020 година (премиерно емитувано на 28 јануари 2020 г.) на информативната емисија „Телма Амбуланта", специјализирана за

областа на здравството, а во конретното издание на тема: *„Улогата на атласот (првиот, вратен пршлен) за здравјето на човекот“*, спротивно на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран за физијатриската ординација - „Relax centar“, меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| **„Телма Амбуланта “** (*реприза од 28.01.2020 г.)* | **07:10:04** | **07:56:25** |
| *„Relax centar“* | 07:21:31 | 07:22:37 |
| | 07:31:40 | 07:32:42 |
| | 07:33:36 | 07:33:50 |
| | 07:45:19 | 07:46:17 |
| **Опис на прекршувањето:**<br>Во наведената програмска целина беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники**, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 29 јануари 2020 година, во репризното издание на специјализиранатa информативна емисија „Телма Амбуланта“**,** беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран, меѓу кои не минува законски пропишаниот период од најмалку 15 минути.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 10.12.2019 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за нови рекламни техники.

Оттаму:

- Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***